ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
Бр. 02-330/3
27.05 2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на: членот 19 став 2 точка 7 од Законот за Јавни претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 82/20 и 89/22) член 22 став 1 точка 10 од Статутот на Јавното претпријатие "Стрежево" - Битола, Управниот одбор на ЈП "Стрежево" на 16-та седница одржана на 27.05.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

### Член 1

(1) Висината за надоместокот за издадена дозвола за вршење на рекреативен риболов на рекреативната зона "Акумулација Стрежево" за 2025 година, со вклучен ДДВ, во зависност од времетраењето на важноста на истата се утврдува на следниот износ:

- годишна дозвола 1.200,00 денари,
- месечна 800,00 денари,
- тродневна 500,00 денари,
- еднодневна 200,00 денари.

(2) Износите од став (1) се намалуваат за 50% за инвалидни лица согласно член 42, став (4) од Законот за рибарство и аквакултура. ("Службен весник на РСМ" број 7/2008, 67/2010, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18, 150/21 и 64/2024) во понатамошниот текст: Закон за рибарство и аквакултура). Висината за надоместокот за издадена дозвола важи со приложена инвалидска книшка.

### Член 2

Средствата од наплатениот надомест за вкупно издадените дозволи на годишно ниво се распределуваат на следниот начин:

- 10% претставуваат висина на надоместокот за користење на рибите и другите водни организми и овие средства, за 2025 година, ЈП "Стрежево" да ги плати најдоцна до 31 декември 2025 година на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.
- Останатите средства (без ДДВ) се приходи на Јавното претпријатие "Стрежево" - Битола.

### Член 3

За Висината за надоместокот за издадена дозвола за вршење на рекреативен риболов на рекреативната зона "Акумулација Стрежево" за 2025 година, утврдена со член 1 став (1) и став (2) од оваа одлука, задолжително да се извести Македонската риболовна федерација.

### Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Законот за рибарство и аквакултура и Договорот за користење на риби и други водни организми на риболовното подрачје "Стрежево", склучен помеѓу Владата на Република Македонија и ЈП "Стрежево" - Битола, како корисник на рибите, заведен под интерен број 13-321/1 од 21.05.2025 година (во натамошниот текст: Договор за користење), претпријатието, при вршење на дејноста има обврска да организира рекреативен и спортски риболов и да издава дозволи за рекреативен риболов.

Согласно Договорот за користење, претпријатието има обврска Висината на надоместокот за вршење на рекреативен риболов да ја определува согласно пропишаниот начин и метод од Македонската риболовна федерација.

Согласно Договорот за користење, висината на надоместокот за концесија на рибите за рекреативен риболов на рекреативната зона "Акумулација Стрежево" изнесува 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

Респектирајќи го претходно изнесеното, врз основа на своите надлежности утврдени со Закон и Статутот на Јавното претпријатие "Стрежево" - Битола, Управниот одбор на претпријатието, како орган на управување со истото, ја донесе предметната одлука.

Претседател на Управен одбор
Ѓорѓи Ѓоргиевски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола